**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**Анита Адамческа**
За подрачјето на Основните судови на градот Скопје
Ул. Васил Главинов бр. 3/3-2
28.05.2026 година

Книга за потписите бр. 19 (деветнаесет)
Извод

# ЗАПИСНИК
# ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

Јас, Нотар Анита Адамческа од Скопје, ул. Васил Главинов бр. 3/3-2, потврдувам дека на 28.05.2026 година, на писмена Покана за водење на Записник од 63-та Седница на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, бр. 35916/1 од 27.04.2026 година, од Генералниот Секретар на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, со седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар, ЕМБС 4558669, ЕДБ 4030993261735, г-ѓа Христина Чучурска, во согласност со член 92 од Законот за нотаријат, присуствував на Собрание на акционерите на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, како повикан нотар да ги потврди заклучоците и одлуките на Собранието, при што го составив следниот:----------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------ЗАПИСНИК------------------------------------------**
**-------------------------ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ОД-------------------------**
**-------------------- 63-та Седница на Собрание на акционери на--------------------**
**--------------------------------Шпаркасе Банка АД Скопје--------------------------------**
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата се одржа во просториите на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар и започна како што беше и закажана во 12:00 (дванаесет) часот.--------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Седницата на мое барање ми беше приложена:---------------------------

Тековна состојба на Шпаркасе Банка АД Скопје, Ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар, издадена од ЦРРСМ- РРК Скопје, под бр. 0805-50/150020260217334 на 28.05.2026 година (Прилог).---------------------------------------------------------------------

Учеството на Седницата е потврдено од мнозинскиот акционер Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), со Пријава за учество на 63. Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, заведена под бр. 02-39615/1, на 07.05.2026 година (Прилог).-------------------------------------------------------------------------------

Акционерската книга (Прилог) е издадена од ЦДХВ на РСМ, на ден 28.05.2026 (дваесет и осми мај, две илјади дваесет и шеста) година, во 08:03:06 часот (седум часот, триесет минути, единаесет секунди), со последна состојба на ден 28.05.2026 (дваесет и осми мај, две илјади дваесет и шеста) година, во 08:00:24 часот (седум часот, нула минути, дваесет и четири секунди), од која утврдив дека вкупниот номинален капитал изнесува 5.594.758.050,00 МКД (пет милијарди, петстотини деведесет и четири милиони, седумстотини педесет и осум илјади и педесет денари), со номинална вредност од 2.670,00 МКД (два милиони, шестотини и седумдесет илјди денари) по акција, или вкупно 2.095.415 (два милиони, деведесет и пет илјади, четиристотини и петнаесет) обични акции, со право на глас на Собранието.-------------------------------------------------

Утврдив дека е изготвен Список на акционери на 63-та Седница на Собрание на акционери на **Шпаркасе Банка АД Скопје** (Прилог), кој одговара на Акционерската книга и по неговата верификација во 12:00 часот (дванаесет часот), утврдив дека на Седницата од вкупно 431 (четиристотини триесет и еден) акционер, кои поседуваат вкупно 2.095.415 (два милиони, деведесет и пет илјади, четиристотини и петнаесет) обични акции, се присутни 2 (два) акционери, кои поседуваат вкупно 2.023.229 (два

милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет) обични акции, односно 96,56 % од вкупниот број на акции, и тоа Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), претставувано од полномошник г-ѓа Маја Камчева-Ставрова од Скопје, со уредно Полномошно, заверено од Нотар Д-р Петер Венгер од Грац, Штаерска, Република Австрија, под рег. бр. 1070/2026, на 05.05.2026 година- Прилог, како сопственик на 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции со право на глас и Марко Савовски од Скопје, како сопственик на 13 (тринаесет) обични акции со право на глас.--------------------------------------------------------
Утврдив дека Собранието има кворум за работа во согласност со член 393 став 1 од Законот за трговските друштва.----------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори Претседавачот на претходната 62-ра Седница на Собрание на акционери и полномошник на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, која ги поздрави присутните, ги извести со Извештај-Прилог, за присутноста на Собранието и констатираше дека се присутни 2 (два) акционери, односно дека е обезбеден кворум за работа со вкупно 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет) обични акции, и тоа Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), претставувано од полномошник г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции со право на глас и Марко Савовски од Скопје, со 13 (тринаесет) обични акции со право на глас.-----------------------------------------

Полномошникот на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, како полномошник на мнозинскиот акционер, се предложи себеси за Претседавач со 63-та Седница на Собрание на акционери. Други предлози за избор на Претседавач немаше, па предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен, односно со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет) гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------------------------------------------

Се констатираше дека за Претседавач на 63-та Седница на Собрание на акционери на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, е избрана г-ѓа Маја Камчева-Ставрова.----------------------

Претседавачот Маја Камчева-Ставрова, веднаш по изборот, истакна дека согласно Законот за трговските друштва, записникот ќе го води присутниот Нотар Анита Адамческа од Скопје.------------------------------------------------------------------------------

Понатаму заради ефикасно водење на Собранието, Претседавачот предложи да биде постапено по процедуралниот дел на Дневниот ред, Избор на бројач на гласови и за бројач на гласови ја предложи г-ѓа Христина Чучурска од Скопје. Бидејќи други предлози немаше, предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен, односно со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет) гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.-------------------------------------------------------------------------------------------

Се констатираше дека за бројач на гласови е избрана г-ѓа Христина Чучурска.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На седницата присуствуваа Претседателот на Управниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје- г-дин Санел Кустурица, Директорот на Дирекцијата за финансии г-ѓа Милка Ратаикоска Јолеска и претставниците на Друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, г-ѓа Стефанија Анѓелеска и г-н Александар Златески.----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Понатаму Претседавачот Маја Камчева-Ставрова премина кон утврдување на Дневниот ред и констатираше дека во законски предвидениот рок до денот на одржувањето на закажаната 63- та Седница на Собрание на акционери не се пристигнати други предлози во однос на Дневниот ред, па предложи да биде изгласан предложениот Дневен ред:----------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**---------------------------------------------

**1. Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови;**-------------------

**2. Разгледување на Записник од 62. седница на Собранието на акционери;----------**
**3. Единечни финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор;-------------------------------------------**
**-Мислење на Надзорниот одбор на Банката;-------------------------------------------------**
**-Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор;--------------------------------------------------------------------------**
**4. Консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор;--------------------------------**
**-Мислење на Надзорниот одбор на Банката;-------------------------------------------------**
**-Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор;-----------------------------------------------------**
**5. Годишна сметка и финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01.-31.12.2025 година;---------------------------------------------------------------**
**-Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи;---**
**6.Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01.-31.12.2025 година;----------------------**
**-Предлог одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи;-------------------------------------------------------**
**7. Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година;**
**-Мислење на Надзорниот одбор на Банката;-------------------------------------------------**
**-Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор;------------------------------------------------------------------------------------**
**8. Консолидиран годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година;----------------------------------------------------------------------------------**
**-Мислење на Надзорниот одбор на Банката;-------------------------------------------------**
**-Предлог одлука за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор;-----------------------------------------------------------**
**9. Предлог Одлука за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2025 година;------------------------**
**10. Извештај за работата на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година, колективно и од аспект на поединечните членови;--------------------------**
**-Предлог одлука за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор;--**
**11. Предлог Одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје (Надзорен одбор и Одбор за ревизија);----- ---------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Претседавачот констатираше дека по објавата на Јавниот повик за одржување на 63-тата седница на Собранието, во законскиот рок не се доставени нови предлози, а со оглед на тоа што немаше ниту дискусија по предложениот Дневен ред, истиот го стави на гласање. Дневниот ред беше едногласно усвоен, со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----- Се констатираше дека предлог Дневниот ред е усвоен.------------------------------------------ ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон **втората точка** од Дневниот ред- **Разгледување на Записник од 62. седница на Собранието на акционери**.--------------------------------------------------

Претседавачот Маја Камчева-Ставрова појасни дека Записникот од 62-та Седница на Собранието на акционери, во пропишаниот рок по одржувањето на седницата, уредно е проследен до сите надлежни институции, достапен е на интернет страницата на Шпаркасе Банка АД Скопје за сите акционери и заинтересирани страни. По втората точка немаше дискусија и одлуката беше ставена на гласање.---------------------------------

Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.-------------------------------------------

Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Записникот од 62-та Седница на Собранието на акционери е разгледан.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во продолжение Претседавачот премина кон **третата точка** од Дневниот ред- **Единечни финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор, заедно со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор.**----------------------------------------------

Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, ги повика претставниците на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, да се произнесат по оваа точка. Кратко излагање имаше претставникот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, Стефанија Анѓелеска, која се заблагодари за укажаната можност за соработка со Шпаркасе Банка АД Скопје и истакна дека друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, било ангажирано за изготвување на Единечните финансиски извештаи и Консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје, за годината која завршува на 31.12.2025 и ја извршило ревизијата согласно Меѓународните стандарди за ревизија, објавени во Службен Весник на РСМ и прифатените насоки во Република Северна Македонија. Врз основа на направените ревизорски процедури, друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, издало Мислење, согласно кое Единечните финансиски извештаи, објективно ја презентираат, од сите материјални аспекти, единечната финансиска состојба на Шпаркасе Банка АД Скопје, на ден 31.12.2025 година, како и нејзината единечна финансиска успешност и единечните парични текови, за годината, која завршува на датум 31.12.2025, во согласност со регулативата на Народната Банка на РСМ, релевантна за изготвување на финансиски извештаи на банките во РСМ.--------

Со оглед на тоа што, во продолжение никој од присутните акционери не се јави за збор, по оваа точка, Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, ја стави истата на гласање.---

Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.------------------------------------------

Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Предлог **Одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор,** е усвоена.-----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје, на Седницата одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната: ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------

за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор-------------------------

1.Со оваа Одлука ее усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2025 година заедно со Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија.----------------------------------------------------------------------------------

2.Извештајот на друштвото за ревизија Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија претставуваат прилог и составен дел на Одлуката.-------------------------------------

3.Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.--------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Понатаму Собранието премина со работа, кон **четвртата точка** од Дневниот ред- **Консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година ревидирани од страна на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје и Извештај на независниот ревизор, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог одлука за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор.**-----------------------------------

И по оваа точка, Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, ги повика претставниците на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, да се произнесат. ---------------------------------------------------------------------------------------------

Претставникот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, Стефанија Анѓелеска, кусо се обрати до присутните, наведувајќи дека Консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје, за годината која завршува на 31.12.2025, објективно ја презентираат, од сите материјални аспекти, консолидираната финансиска состојба на Шпаркасе Банка АД Скопје, на ден 31.12.2025 година, како и нејзината консолидирана финансиска успешност и консолидираните парични текови, за годината, која завршува на датум 31.12.2025.-----------------------------

Бидејќи и по четвртата точка никој од присутните акционери не се јави за збор, Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, ја стави истата на гласање.--------------------

Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.------------------------------------------

Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Предлог **Одлуката за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија Прајсватерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор,** е усвоена.-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на Седницата одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:-------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------О Д Л У К А---------------------------------------------

за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година со Мислење на Надзорниот одбор-------------

1.Со оваа Одлука се усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2025 година заедно со Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија.--------------------------------------------------------------------------------

2.Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија претставуваат прилог и составен дел на Одлуката.--------------------------------

3.Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.--------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот потоа премина кон **петтата точка** од Дневниот ред- **Годишна сметка и финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01.-31.12.2025 година, со Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи.**-------------------------------------------------------------------------------------------

Таа наведе дека во Билансот на состојба искажани се следните билансни состојби заклучно со 31.12.2025 година, вкупна актива, односно пасива во износ од 117.814.827.707,00 денари, добивката пред оданочување изнесува 2.084.555.685,00 денари, а добивката по оданочување е 1.798.662.978,00 денари и ги повика присутните акционери, да се јават за збор.-------------------------------------------------------------------

Бидејќи никој од присутните акционери не се јави за збор, Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, ја стави предлог- Одлуката од петтата точка, на гласање.-------------

Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.------------------------------------------

Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Предлог **Одлуката за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи,** е усвоена.---------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на Седницата одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:-------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------

за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година------------------------------------------------------------------------------

1.Со оваа Одлука се усвојуваат Годишната сметка и финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје, за 2025 година, според следните биланси:---------------------

Биланс на состојба на ден 31.12.2025 година----------------------------------------------------

Биланс на успех од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.-------------------------------------------

2.Во Билансот на состојба искажани се следните билансни состојби:-------------------------

•Актива- 117.814.827.707,00 денари-----------------------------------------------------------------

•Пасива и Капитал- 117.814.827.707,00 денари----------------------------------------------------

3.Во Билансот на успех за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година се искажани следните сосотојби:-----------------------------------------------------------------------------------

приходи........................................................................ 6.331.741.187,00 денари----------

расходи........................................................................ 4.247.185.502,00 денари----------

добивка пред оданочување..........................................2.084.555.685,00 денари--------------

данок на добивка.......................................................... 285.892.707,00 денари----------

добивка по оданочување..............................................1.798.662.978,00 денари--------------

4.Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.---------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи со работа по **шестата точка** од Дневниот ред- **Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за периодот 01.01.-31.12.2025 година, со Предлог одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи.**-------

Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова посочи дека во Консолидираниот Биланс на состојба искажани се следните билансни состојби заклучно со 31.12.2025 година, вкупна актива, односно пасива во износ од 118.096.010.566,00 денари, а добивката по оданочување изнесува 1.826.271.534,00 денари.-----------------------------------------------

Ниту по оваа точка, немаше дискусија од страна на присутните акционери.----------------

Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, ја стави предлог- Одлуката од шестата точка, на гласање.---------------------------------------------------------------------------------------

Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.------------------------------------------

Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Предлог **Одлуката за усвојување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи,** е едногласно усвоена.---------------------------------------------------

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на Седницата одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:-------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------

за усвојување на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година-----------------------------------------

1.Со оваа Одлука се усвојуваат Консолидираната Годишната сметка и консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година, според следните биланси:------------------------------------------------------------------------------------------------

Консолидиран Биланс на состојба на ден 31.12.2025 година------------------------------------

Консолидиран Биланс на успех од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.---------------------------

2.Во Консолидираниот Биланс на состојба искажани се следните билансни состојби:----
•Актива- 118.096.010.566,00 денари--------------------------------------------------------------
•Пасива и Капитал- 118.096.010.566,00 денари.-----------------------------------------------
3.Во Консолидираниот Биланс на успех за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година се искажани следните состојби:--------------------------------------------------------------------
приходи........................................................................ 6.359.399.038,00 денари----------
расходи........................................................................ 4.247.234.797,00 денари----------
добивка пред оданочување..........................................2.112.164.241,00 денари--------------
данок на добивка.........................................................  285.892.707,00 денари----------
добивка по оданочување..............................................1.826.271.534,00 денари--------------
4.Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.-------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина со работа кон **седмата точка** од Дневниот ред- **Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор.**-----------------------------------------------

Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, го повика Претседателот на Управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје, г-дин Санел Кустурица, да се произнесе.-----------

Тој, откако се заблагодари за можноста, ги поздрави присутните и го започна своето обраќање, со констатација дека 2025 година претставува тешка година, исполнета со многу предизвици, слично како и претходните, но стави акцент на една позитивна одлика, а тоа е дека трендовите на стапката на инфлација и БДП биле позитивни, но дека останале фискалните предизвици и предизвиците однадвор, кои се прелеваат во нашата држава.-----------------------------------------------------------------------------------------

Во 2025 година глобалниот раст остана умерен, со постепено смирување на инфлацијата. За македонската економија, 2025 беше година на умерено закрепнување со пад на инфлацијата, стабилни резерви и внимателна монетарна поставеност, но и со фискални предизвици и надворешни ризици.--------------------------------------------------

За Шпаркасе банка, 2025 година е уште една успешна година со остварен раст на активата од околу 10%, раст на вкупни кредити од околу 13% при што кредитите на правни лица се зголемија за 15%, а на население за 9%. Во 2025 година, Банката успеа да ги зголеми и клиентските депозити над 9% и да ја зголеми клиентската база за над 12.500 клиенти.. ---------------------------------

Во текот на изминатата година, сегментот на корпоративни клиенти имаше значајна улога во поддршката на реалниот сектор на економијата. --------------------------------------

Во делот на население, Шпаркасе Банка во 2025 година посветено работеше на подобрување на корисничкото искуство, прилагодување на палетата на производи кон потребите на граѓаните, дигитализација на дел од своите услуги, како и интерна реорганизација. Постоечкиот Контакт Центар го надградивме во Сервисен Центар каде не само што се слеваат прашања од клиентите туку и од страна на експозитурите. Реновирани и реалоцирани се неколку експозитури. Осовременувањето е во насока на дигитализација на постоечките експозитури со што се овозможува брзо и едноставно завршување на трансакциите.---------------------------------------------------------------------------

Во текот на претходната година, банката продолжи со стратегијата за поддршка и финансиска инклузија на младите, овозможувајќи дополнителни поволности за овој сегмент, овојпат лансирајќи го Vibe On флекси депозит, прв и единствен депозит на пазарот наменет за млади од 18 до 29 години. Во месец март, Шпаркасе Банка ја лансираше платформата за млади VIBE UP – прва платформата за кариерен раст во земјата, наменета за млади кои сакаат да се развиваат професионално, да стекнат нови вештини и да добијат насоки за својата кариера.-----------------------------------------------

Преку првата и единствена платформа за финансиска едукација за млади се едуцираат повеќе од 2000 млади лица, каде се понудени бесплатни курсеви и сертификати на тема лични и бизнис финансии. Оваа платформа беше истакната како најдобра Sparkasse Life иницијатива за 2025 година.----------------------------------------------------------------------------

Како дел од дигиталната стратегија и насоката за зголемување на самостојното користење на услугите, Банката ја воведе услугата Онлајн депозит. Преку мобилната

апликација S Banka и NetBanking, клиентите добија можност целосно дигитално да отворат депозит во денари или евра, без потреба од посета на експозитура.-----------------
Во 2025 година банката направи значаен исчекор во модернизацијата на платежните услуги преку воведување на СЕПА плаќањата, овозможувајќи им на клиентите побрзи, поедноставни и економични трансфери кон и од земјите членки на СЕПА.-----------------
Паралелно со имплементацијата на СЕПА, банката на своите клиенти им овозможи уште поповолни услови за брзи трансфери во рамките на ERSTE и Шпаркасе групацијата. -------------------------------------------------------------------------------------------
Во сегментот на девизното работење, Банката оствари раст на прометот во корпоративниот сегмент од 7,8% во однос на претходната година. Истовремено, Банката го задржа значајното пазарно учество во девизниот платен промет со правни и физички лица, кое изнесува 19,56%, како и високото пазарно учество во меѓубанкарското тргување со девизи од 32,4%.-------------------------------------------------
Финансискиот резултат изнесува 29 милиони евра, што е за 3,6% повисоко во споредба со претходната година.--------------------------------------------------------------------------------
Зголемувањето на нето приходите од камати за 6,8% е резултат на ефектот од обемот, но и од зголемените каматни стапки. Приходите од камати од кредити се за 7% повисоки во однос на претходната година. Приходите од камати од хартии од вредност се за 13,6% повисоки, додека расположливата ликвидност во текот на годината редовно беше пласирана во банки и депозити кај централната банка..-----------------------------------
Нето приходите од провизии и надоместоци се зголемени за 8,5% на годишно ниво, особено кај платежните услуги, кредитирањето, осигурувањето и брокерските услуги.--
Нето приходите од тргување се зголемени за 7%, како резултат на зголемен обем на трансакции, и покрај пониските маржи и одржувањето на ниска отворена девизна позиција.-----------------------------------------------------------------------------------------------
Трошоците за вработени се за 6% повисоки, додека оперативните трошоци се зголемени главно поради повисоки ИТ трошоци (како резултат на ценовни ефекти, но уште поважно и поради имплементација на нови решенија и завршени проекти), како и зголемени трошоци за обуки и патувања.-----------------------------------------------------------
Во текот на 2025 година, Шпаркасе Банка продолжи со континуиран развој и унапредување на своите општествено одговорни практики преку платформата Sparkasse Life. Од дефинираниот буџет за спонзорства и донации поддржавме над 40 различни проекти и настани од повеќе области и тоа: спорт, култура, образование, социјална инклузија.-----------------------------------------------------------------------------------------------
Преку платформата „Верувај во иднина", Шпаркасе Банка и во 2025 година продолжи да ја гради својата приказна за успех, фокусирана на доверба, стабилност, визија и долгорочни партнерства со клиентите. Воедно, 2025 година имаше и особено значење за Шпаркасе Банка АД Скопје, како година во која се одбележува значајниот 200-годишен јубилеј на матичната групација Штаермеркише Шпаркасе – два века традиција, стабилност, одговорно банкарство и посветеност кон заедницата. Овој јубилеј дополнително ја зацврсти позицијата на Банката како дел од силна, реномирана и долгорочно ориентирана европска банкарска групација.--------------------------------------
Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, се заблагодари на Претседателот на управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје, г-дин Санел Кустурица, за неговото обраќање и ги повика присутните акционери, да се јават за дискусија.----------------------
Со оглед дека ниту оваа точка, немаше интерес за дискусија од страна на присутните акционери Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, образложи дека согласно чл. 384, став 5 од Законот за трговските друштва, Собранието одлучува за одобрување на работата и водењето на Друштвото од страна на Управниот Одбор, со поединечно гласање, за секој од четирите членови.-------------------------------------------------------------
- Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Собранието ја одобри работата на Претседателот на Управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје, г-дин Санел Кустурица.-------------
- Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Собранието ја одобри работата на Заменик-

Претседателот на Управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје, г-ѓа Нина Неданоска.-------------------------------------------------------------------------------------------
- Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Собранието ја одобри работата на Членот на Управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје, г-ѓа Златица Цивкароски.---------------
- Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Собранието ја одобри работата на Членот на Управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје, г-дин Александар Ѓорѓевиќ.------------
Таа понатаму наведе дека Собранието одлучува и по Предлог- **Одлуката за усвојување на Годишниот извештај**, за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје, во 2025 година, посочувајќи дека согласно **Мислењето на Надзорниот одбор**, дава вистинска и објективна слика за работењето на банката во изминатата година.------------
Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.-------------------------------------------
Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Предлог **Одлуката за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор,** е едногласно усвоена.-----------------------------------------------------------------------
Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на Седницата одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------

--------------------------за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ---------------
-------Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор-----

1.Со оваа Одлука се усвојуваат Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2025 година. ----------------------------------------------------
2.Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор претставуваат прилог и составен дел на оваа Одлука.-
3.Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во продолжение Собранието одлучуваше по **осмата точка** од Дневниот ред- **Консолидиран годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година, со Мислење на Надзорниот одбор на Банката и Предлог Одлука за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор.**---------------------------------------------------------------------------------------------
Ниту по оваа точка, немаше дискусија од страна на присутните акционери.----------------
Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова, ја стави предлог- Одлуката од осмата точка, на гласање.----------------------------------------------------------------------------------------
Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.------------------------------------------
Со 2.023.229 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте дваесет и девет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Предлог **Одлуката за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор,** е едногласно усвоена.-----------------------------------------------
Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на Седницата одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------О Д Л У К А----------------------------------------

-------------за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на -------
---------Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор---

1.Со оваа Одлука се усвојуваат Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор кон Консолидираниот годишен извештај за работењето на Банката во 2025 година.-----------
2.Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2025 година и Мислењето на Надзорниот одбор претставуваат прилог и составен дел на оваа Одлука.------------------------------------------------------------------------------------------
3.Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.--------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Понатаму Собранието одлучуваше по **деветтата точка** од Дневниот ред- **Предлог Одлука за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2025 година.**-------------------------------------------
Претседавачот г-ѓа Маја Камчева-Ставрова констатираше дека Шпаркасе Банка АД Скопје, во деловната 2025 година, има остварено нето добивка во износ од 1.798.662.978,00 МКД.-----------------------------------------------------------------------------
Се предлага остварената нето добивка во деловната 2025 година, да се распредели на следниов начин:-----------------------------------------------------------------------------------
•1.498.662.978,00 МКД во Задржана нераспределена добивка---------------------------------
•300.000.000,00 МКД во Задржана добивка за инвестициски вложувања.-------------------

Делот од нето добивката што останува како Задржана нераспределена добивка нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски.----------------------------------------------------------
